# ПРИЛОЗИ
# ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
# И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Приредувач: Катица ЌУЛАВКОВА

Скопје
Македонска академија на науките и уметностите

2021

## СОДРЖИНА

## ПРЕДГОВОР


- Катица Ќулавкова: Македонија: историски континуитет во простор и време ........ I


## УВОД


- Љупчо Коцарев: За историјата на Македонија ........ а


## I КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО


- Драги Митревски: Културната основа на Македонија: од раната бронзена доба до првите политички заедници ........ 37
- Војислав Саракински: Македонците меѓу барбарството и хеленството ........ 59
- Стефан Пановски: Македонските кралеви и Хелените ........ 77


## II ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА


- Александар Атанасовски: Бугарските завладувања на Македонија во IX и X век ........ 103
- Митко Панов: Политичко-идеолошките традиции на Самуиловата држава (Концептуализација на историската интерпретација) ........ 123
- Стојко Стојков: Многуимените Други: Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан ........ 147

- Ванчо Ѓорѓиев: Постулатите на македонското револуционерно движење 1893-1908 ........ 167
- Никола Минов: Балканските пропаганди во османлиска Македонија ........ 193
- Далибор Јовановски: Делејќи го „Своето“: Преговорите за поделба на Македонија меѓу балканските држави ........ 219
- Теон Цинго: Македонскиот национален идентитет во политиката на Велика Британија (1919-1941) ........ 243
- Тодор Чепреганов: Британските и американските воени мисии во Македонија за македонскиот идентитет во Втората светска војна (1941-1944) ........ 261
- Сашо Додевски: Ослободител, окупатор или администратор – позицијата на царството Бугарија во Македонија во Втората светска војна во периодот 1941-1944 ........ 275


## III КУЛТУРНА ИСТОРИЈА


- Ѓорги Поп-Атанасов: Македонскиот карактер на глаголицата ........ 301
- Витомир Митевски: Индоевропските обрасци и византиската традиција во македонските песни за Крале Марко ........ 317
- Ганка Цветанова: Културната и политичката фаза во развојот на македонската нација: Просветителство и Преродба ........ 327
- Билјана Ристовска Јосифовска: Македонскиот идентитет во националната историографија: неинституционални и институционални форми на проучување ........ 349
- Искра Тасевска Хаџи-Бошкова: Македонската култура во првата половина на XIX век ........ 369
- Ангелина Бановиќ Марковска: Мисирков и суштината на националната идеја: јазик, култура, историја ........ 385
- Велика Стојкова Серафимовска: Фолклорните маркери и македонскиот културен идентитет ........ 399

- Сашо Цветковски: Словенските светци во живописот на дебарско-мијачката и самоковската зографска школа (рефлексии и одраз на одделните традиции и културните идентитети) .................................................. 417
- Горан Калоѓера: Hommage на македонскиот XIX век: обид за синтеза... 449


## IV. ЦРКОВНА ИСТОРИЈА


- Ѓоко Ѓорѓевски и Виктор Недески: Општествено-политичките процеси и улогата на Охридската Архиепископија низ вековите ..... 465
- Дејан Борисов: Теодосиј Гологанов – скопски митрополит 1885-1892 ... 483
- Борче Илиевски: Македонското црковно прашање 1943 – 1967 (меѓу автономија и автокефалност) .................................................. 501
- Тони Филипоски: Атрибуциите и титулациите на светците на македонската православна црква - Охридска Архиепископија во средновековните извори: Св. Кирил, Св. Методиј, Св. Климент, Св. Наум .................................................. 523


## ПРИЛОЗИ


- Биографски белешки на авторите .................................................. 550
- Список на илустрации: за текстовите на Д. Митревски, Ѓ. Поп-Атанасов, В. Стојкова Серафимовска и С. Цветкоски ............ 558

**Ванчо ЃОРЃИЕВ**

# ПОСТУЛАТИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ 1893–1908

Македонската револуционерна борба од крајот на XIX и почетокот на XX век и Илинденското востание земаат значајно место во колективното сеќавање на македонскиот народ и во неговата револуционерна традиција во борбата за создавање македонска држава. Најдобра потврда за тоа, но и на континуитетот на борбата за македонска држава, претставува фактот што Првото заседание на АСНОМ, на кое била конституирана македонската држава (на дел од територијата на османлиска Македонија, а во рамките на ФНР Југославија) се одржало токму на 2 август – денот кога започнало Илинденското востание. Неслучајно во македонската химна се споменуваат дури четири имиња (Гоце Делчев, Питу Гули, Даме Груев и Јане Сандански), кои претставуваат своевидни симболи на Организацијата што ја повела македонската борба за сопствена држава. Од 2007 година 23 октомври – денот на основањето на Македонската револуционерна организација е прогласен за државен празник.

Организацијата што ја поведе револуционерната борба за автономија на Македонија и создавање независна македонска држава и која стана симбол и инспирација за македонскиот патриотизам е основана на 23 октомври / 4 ноември 1893 година во Солун, а нејзиното суштинското конституирање било за време на Коледарските празници 1894 година. Нејзиното прво име е *Македонска револуционерна организација* (МРО),[1] по Солунскиот конгрес (1896)

[1] Христо Татарчев во спомените што ги раскажал во 1917 година пред Љубомир Милетич е категоричен дека Организацијата ја именувале: „Македонска революционерна организација“, на чело со „Централен македонски революционерен комитет“, скратено „ЦМРК“ (Татарчев 1989, 27). Татарчев истото го тврди и во книгата што ја напишал во средината на триесеттите години во Торино: „Македонска революционерна организација“, на чело со „Централен македонски революционерен комитет (ЦМРК)“. Притоа дополнува дека од името на Организацијата и од името на ЦК го изоставиле зборот „бугарска“ за да не предизвикаат сомнеж за тесноград национализам кај инородните народи (Татарчев 1995, 25–26). Кажаното од Татарчев се потврдува низ официјалната преписка меѓу ЦК на МРО во Солун и Македонскиот комитет (подоцна ВМК) во Софија.

е преименувана во *Тајна македоно-одринска револуционерна организација* (ТМОРО), а од Рилскиот конгрес (1905) – *Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација* (ВМОРО). Во меѓувреме, некаде од 1899 година за дистинкција од Врховниот македонски комитет чие седиште било во Софија (Бугарија), неофицијално почнува да се практикува синтагмата Внатрешна организација.

На конститутивната јануарска (1894) средба, покрај другото, била утврдена целта на Организацијата – „политичка автономија на Македонија" и било решено тоа да се впише во Уставот (Татарчев 1995, 25). При утврдувањето на целта, основачите на МРО пошле од сложеноста на македонското прашање во тогашната балканска и европска констелација, при што појдовна основа претставувал членот 23 од Берлинскиот договор. На творците на МРО им биле познати меѓународните обврски на Османлиската Империја и ставот на Големите сили за зачувување на постојното status quo на Балканот. Тие ги знаеле и ги чувствувале претензиите и соперништвото на балканските земји

---

По објавувањето на Уставот и Правилникот на БМОРК од страна на И. Катарџиев во 1961 година (Катарџиев 1961, 149–164), а потоа и на двата правилника (на БМОРК и ТМОРО), при што првиот го датира во 1894 година, а вториот во 1897 година, врз основа на насловот на Уставот и Правилникот, тој прифаќа дека првото име на Организацијата било БМОРК, без да забележи дека во чл. 8 од Уставот на БМОРК за печатот на ЦК меѓу другото е предвидено да стои натпис: „Македоно-Одрински Централен Революционерен Комитет" (Катарџиев 1965, 39–50). Бугарскиот историчар К. Пандев, кој, всушност, го прифаќа името МРО и ЦМОРК за Организацијата како нејзино прво име, истовремено упатува и на името БМОРК, при што гради хипотеза дека Уставот и Правилникот на БМОРК биле изработени по Солунскиот конгрес од 1896 година (Пандев 1969, 68–80; Пандев 1979). Поради фактите и противречностите со кои се соочил во документација што ја користел во контекст на именувањето на Организацијата, а кои, всушност, се во спротивност со неговата хипотеза за датирањето на Уставите и Правилниците, К. Пандев, за да не падне во противречност, алтернативата ја наоѓа во синтагмата Внатрешна организација, која му служи како чадна завеса.

И. Катарџиев со својот поглед за првото име на Организацијата остана осамен во македонската историографија, а некои автори целосно го отфрлаат Уставот и Правилникот на БМОРК како документи на МРО (види: Ѓорѓиев 2013а, 16–27). Од друга страна, во бугарската историографија, особено од деведесеттите години на минатиот век, завладеа парадигмата дека првото име на Организацијата е БМОРК, дека Уставот и Правилникот на БМОРК биле изработени по Солунскиот конгрес (1896) и дека биле во примена до есента 1902 година, а, аналогно на тоа, во истиот период името на Организацијата било БМОРК. Ова парадигма во последно време ја застапуваат и некои „либерални" историчари, кои често на другите им забележуваат за селективност и премолчување на фактите, дури и дека се служат со „трикови" и застапуваат „теолошки претпоставки". Меѓутоа, истиот воопшто не посочува дека за конкретните прашања има и поразлични толкувања, кои се засноват врз автентични документи (види: Дечев 2019).

Нашиот став во контекст на првото име на Организацијата го апсолвираме во следниве точки: 1) Досега не е пронајден ниту еден документ од која било институција на Организацијата (Централен комитет, Задгранично претставништво, окружни и околиски комитети) ниту, пак, од нејзин активист со името БМОРК; 2) Доколку постоеше каков било документ што ќе го демантира нашето тврдење, тој не само што повеќепати ќе беше објавен туку ќе го завладееше и електронскиот простор; 3) Имајќи предвид дека името БМОРК се извлекува по аналогија од Уставот и Правилникот на БМОРК, а, пак, во бугарската историографија е прифатено дека овие документи биле изработени по Солунскиот конгрес (1896), односно во 1897 година, пред застапниците на ова хипотеза се поставува едно сериозно методолошко прашање: Како се именувала Организацијата до тој период?; 4) Според постојната документација, првото име на Организацијата е МРО на чело со ЦМРК.

околу Македонија, последиците од дејствувањето на нивните пропаганди и конфузната состојба што произлегувала од тоа. Оттука, автономијата на Македонија во моментот изгледала како најпогодно решение за македонското прашање. Според Татарчев, со таквиот пристап кон македонското прашање сметале дека праведно ќе ги задоволат етничките групи во земјата, дека ќе ги амортизираат аспирациите на соседните држави и на Големите сили, а, истовремено, не го загрозуваат интегритетот и суверенитетот на Османлиската Империја. Минималната слобода што би се постигнала на тој начин би гарантирала материјален и културен развој на сите националности во Македонија. Во контекст на тоа Татарчев пишува: „Ние не можевме да дејствуваме поинаку и да ја предрешаваме *судбината на македонскиот народ* и му оставивме нему понатаму да си ја кове судбината: дали би се присоединил кон Бугарија или би станал звено (алка, з.м.) за една балканска конфедерација. Тоа што ќе му се наложи подоцна од неговите интереси, тој е слободен да прави како што сака“ (Татарчев 1995: 25).

Автономијата на Македонија била прифатена како формула од повеќе прагматични причини: 1) Идејата за автономија на Македонија имала меѓународна подлога во чл. 23 од Берлинскиот договор; 2) Со автономија на Македонија формално-правно не се нарушувал територијалниот интегритет и суверенитет на Османлиската Империја; 3) Околу идејата за автономија на Македонија полесно можел да се обедини поголемиот дел од поделеното македонското население по конфесионални основи; 4) Со идејата за автономија на Македонија се сметало дека ќе се амортизираат аспирациите на соседните балкански држави од каде што се очекувала морална и материјална помош; 5) Автономијата давала можност за слободен развој на сите жители во Македонија, без разлика на вера и народност (Ѓорѓиев 2014а: 50; Le Queux 1907: 290–291).

Идејата за автономија на Македонија не добила никакво толкување во основите акти на Организацијата, туку, едноставно, впишана е како цел – „полна политичка автономија“.[2] Оттука, и врз основа на една реченица од спомените на Татарчев, која се извлекува од контекст,[3] во бугарската историографија автономијата на Македонија најчесто се толкува како етапа

[2] Види: член 1 од Уставот на БМОРК и чл. 1 од Уставот на ТМОРО (Ѓорѓиев 2013а: 56, 106.), како и чл. 1 од Уставот на ВМОРО (Ѓорѓиев 2020, 290).

[3] Татарчев пишува: „Долго се расправаше за целта на таа организација и најпосле се задржавме врз автономијата на Македонија со предимство на бугарскиот елемент. Не можевме да го прифатиме гледиштето ‘директно присоединување на Македонија со Бугарија’, зашто гледавме дека тоа ќе наиде на големи тешкотии поради спротивставувањето на Големите сили и на малите соседни држави и на Турција. Ни минуваше низ умот дека една автономна Македонија отпосле би можела полесно да се присоедини кон Бугарија, а во краен случај, ако тоа не се постигне, ќе може да послужи како обединувачко звено на една федерација на балканските народи“ (Татарчев 1989: 27).

за присоединување на Македонија кон Бугарија.[4] При препрочитување на изворите, не само што не може да се најде издржан аргумент во прилог на ова толкување туку и, напротив, се наметнува заклучокот дека зад автономниот принцип стои идејата за автономна, самостојна, независна македонска држава и/или Македонија како рамноправен политички субјект во една балканска федерација.

Гоце Делчев за Македонија како „*слободна државичка*" му пишува на Ефрем Каранов во 1895 година (Документи 1981: 325). Петар Поп Арсов, еден од основачите на МРО, во 1897 година пишува дека „*идната македонска држава*" треба да се изгради врз „пролеаната крв" и „положените коски" на „синовите на поробена Македонија" (Миноски 1994: 220–221). Автономијата на Македонија како витално прашање за Организацијата нашла одраз и во работата на VII конгрес на македонските друштва во Бугарија, кога под влијание на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, ВМОК прифатил дека „не треба да се поврзува *автономијата на Македонија* со таа на Кнежеството заради некакви идни политички комбинации" (Княжеството България 2002: 174; Пандев 1979: 222).

Неофицијалната определба на Организацијата за македонска држава не била непозната ниту за официјалните османлиски власти. Според обвинителниот акт, дел од обвинетите за Солунската провала (1901) се товарат за државен престап и извршени дела и постапки против целоста на Османлиската Империја со цел „да основат *самостојна македонска држава* од Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает" или, според друга варијанта, за „*воспоставување во Македонија автономна власт*" или, како уште се вели, „*воспоставување на нова форма на власт (влада) во Македонија*" (Ѓорѓиев 2003: 329–330). Според рускиот публицист Амфитеатров, кој во 1901 година престојувал во Солун, „*Македонците – националисти* се надеваат да видат во Солун – нов Белград, нова Софија – *престолнина на својата идна автономија*" (Амфитеатров 1990: 69).

Идејата за автономија на Македонија и македонска држава и неспојливоста на политичката иднина на Македонија со Кнежеството Бугарија добиле јавен публицитет по заострувањето на односите меѓу ТМОРО и ВМОК на Михајловски-Цончев, кој бил под влијание на бугарскиот кнез и во служба на бугарската македонска политика. Тогаш на страна на ТМОРО во идејно-теоретската борба против Михајловски-Цончев застанале луѓето од опозицискиот Комитет на Христо Станишев. Така, Тома Карајовов во јануари 1902 година пред Ефтим Спространов истакнал: „Македонија да започне своја, *независна политика,*

[4] Во врска со тоа Дечев пишува: „Погледот на бугарската историографија од 60-тите години на XX век наваму, дека идејата за 'автономија' едноставно е еден најобичен тактички маневар пред Големите сили и балканските соседи, не е убедлив докрај" (Дечев 2019).

*чисто македонска*. Никогаш да не се мисли за присоединување кон Бугарија и во тоа да се убеди Европа“ (Спространов 1994: 104). Весникот „Дело“, кој излегувал под редакторство на Пеју Јаворов како македоно-одрински лист, во март 1902 година, меѓу другото, пишува дека Организацијата против ВМОК води идејна и принципиелна борба против настојувањата на разни државници и царедворци, кои македонското прашање го замислувале како грне во кое секој може да си ги пика рацете и дека победата во таа борба за „*полна автономија* и хегемонија на Внатрешната организација“ и триумфот на овој принцип, во исто време „е, и победа на *идната автономна и независна Македонија*“ (Дѣло I/10–11: 2). Десетина дена подоцна истиот весник пишува дека ВМОК на Михаловски-Цончев со својата политика уште на зачеток сака да ја убие „*иднината на независна Македонија*“ (Дѣло I/12: 2).

Во септември 1902 година, кога судирот меѓу ТМОРО и ВМОК достигнува кулминација, весникот „Право“, пишувајќи во контекст на надворешните пропаганди во Македонија, нагласува: „Тука е силата на Внатрешната организација, која ќе му даде на секој да разбере дека работи *за единството и независноста на Македонија, како слободна држава – на Балканскиот Полуостров*. Таа организација давала и во иднина ќе дава нови и понови докази дека не е агент на ниту една од соседните држави, туку агент само на *македонската слобода и независност*. Со таквите докази таа постепено ќе го организира идниот, иако и разнобоен, но способен да се самоуправува мирно и тивко, *македонски народ*“ (Право II 31(39): 3). Истата 1902 година од перото на Петар Бошнаков (активист на ТМОРО), под псевдонимот „Еден Македонец“, излезе книшката „Бугарската пропаганда во Македонија и Одринско“. Во неа меѓу другото пишува: „Таа организација (ТМОРО, б.н.), имајќи револуционерна програма, е постојан и жесток пакосник на стремежите на Егзархијата, зашто таа нема задача да ја осуштестви ‘Велика Бугарија’, за која, како што кажавме, војуваат сите испратени просветители од Бугарија на чело со егзархот, туку да даде политичка слобода за рајата, да создаде почва за културен и економски напредок, откако ќе прогласи ‘*самостојна македонска државичка на Балканот*’... А, од последното се плашат и стресуваат и егзархијата, и официјална Бугарија“ (Единъ Македонецъ 1902: 9–10).

Определбата за слободна, самостојна, независна Македонија е присутна и во востаничката 1903 година. Тоа фигурира во официјални документи што ги издавала Организацијата на населението, а, пак, на востаничките капи како амблем бил ставан грбот на Македонија. Конкретно, за време на востанието османлиските војски во Охридскиот Реон, меѓу другото, заплениле и признаници (расписки) за примени пари како позајмица од

конкретни лица. Така, во признаницата потпишана од Антон Кецкаров стои дека „*татковината се обврзува*" позајмените пари да ги врати во „*самостојна Македонија*" (Турски документи 1993: 85). Во друга признаница, потпишана од Никола Златарев, стои дека Организацијата се обврзува „позајмената сума да ја исплати во целост ... *при независност на Македонија*" (Турски документи 1993: 158). По судирот кај с. Мраморец биле запленети капи со „*грбот на Македонија*" (Турски документи 1993: 109; Турски документи 1997: 106).[5] Ваквите документи и капи со грбот на Македонија не само што ја илустрираат вистинската определба на Организацијата туку преку нив се пренесува и пораката до населението во чие име и за какви идеали се води борбата.

Во „Прокламацијата до турскиот народ" (Крушевскиот манифест) издадена од Штабот на крушевските востаници, муслиманите се повикуваат „под бајракот на '*Автономна Македонија*'", „*Македонија е нашата заедничка мајка...*". Притоа, прокламацијата завршува со: „*Ураа! За 'Автономна Македонија*'" (Ѓорѓиев 2013а: 418–419). Даме Груев, член на главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ, во отвореното писмо до Хусеин Хилми паша од септември 1903 година, меѓу другото, пишува: „Можеби не е далеку часот, кога над облеаната во крв Македонија *ќе засвети сонцето на слободата*" (Ѓорѓиев 2013а: 462–463).

Јасен, недвосмислен и категоричен став во поглед на автономијата на Македонија и суштинските разлики по тоа прашање меѓу ТМОРО и ВМОК за време на востанието во Серскиот револуционерен округ во 1903 година искажал Јане Сандански. При полемиката со Георги Белев (секретар на ВМОК), Сандански рекол: „Ние решително се спротивставувавме на Вашите офицери, зашто го знаевме нивното воспитување, нивните интимни замисли. Тие се луѓе што дале клетва за верност на бугарскиот кнез и на бугарската држава, затоа тие не можат да бидат друго, освен нивни слепи и послушни орудија. А, пак, ние не сакаме да ја замениме турската тиранија и турските султани со други такви, дури ни со бугарска тиранија и бугарскиот кнез. *Ние сакаме Македонија да биде автономна, слободна, независна, Македонија на Македонците*... Вие ја саката слободата на Македонија... како средство, како етапа за идното завојување и присоединување, а кај нас, *слободата, автономијата на Македонија е легната како цел*. Ете каде е големата разлика меѓу Нас – внатрешните и Вас – врховистите" (Бѣлевъ 1933: 5–6).

[5] Кога сме кај грбовите, ќе забележиме дека Сандански при средбата со врховистичката дружина на поручник Стојанчев побарал од своите униформи да ги отстранат бугарските војнички обележја: грбови од тенекија и еполети (Движението отсамъ Вардара 1927: 41).

Кога сме кај востаничката 1903 година, патем да одбележиме како населението го доживувало востанието и што очекувало. Овие чувства кон востанието и кон политичките очекувања се изложени во претставките што населението од Битолскиот Округ летото 1904 година ги доставувало до канцелариите на цивилните агенти и офицерите – учесници во Мирцштегската реформска програма (Ѓорѓиев 2016: 142–153). Во нив востанието е квалификувано како „*македонското бурно востание за слобода...*“; „*македонскиот бунт за слобода*“; „*бурното македонско движење за слобода*“; „*ослободителната револуција*“ (Ѓорѓиев 2016: 148). А, пак, политичките барања се формулирани како „замена на постојната управа со нова – *автономна за Македонија*“; „да ни се даде една *автономна управа*“; „една *полна автономија* на чело со наши христијански губернатори“; „една *трајна автономија*, со христијанин – губернатор“; „воведување *автономија на Македонија*, со губернатор христијанин“; „*автономна управа* со христијански губернатор“; „*полна автономна управа*“ (Ѓорѓиев 2016: 149–151).

Во Директивата за идната дејност на Организацијата од јануари 1904 година, веќе се зборува за идното политичко устројство на Македонија. Во таа смисла се вели: „...идниот политички живот на Македонија заснован на една *претставничка управа*, која ќе подготви услови за балканска федерација. Овие институти (претставничката управа и балканската федерација), треба да бидат во состојба да им ги гарантираат правата на сите националности, кои ја населуваат територијата на Организацијата“ (Ѓорѓиев 2020: 39). Истата 1904 година Димо Хаџи Димов смета дека Организацијата треба да го воспитува населението за „идно *федеративно републиканско управување* по примерот на Швајцарија – единствено што може да ја зачува независноста на *нашата татковина* ...Едно *федеративно републиканско управување* во *нашата татковина* може да ги задоволи сите народности, може да премавне секаква почва за борба меѓу конкурентските држави; тоа може да се јави како најдобар проводник за остварување на идејата за Балканска федерација“ (Ѓорѓиев 2020: 169).

За идното политичко уредување и за подготвувањето на населението за слободен живот се зборува и во Официјалниот додаток (притурка) кон официјалниот орган на Организацијата „Револуционерен лист“ од јуни 1905 година. Организацијата „не воспитува и не подготвува само совесни револуционерни сили... *таа го воспитува и подготвува целото население за еден слободен живот*... таа истовремено *го воспитува идниот слободен граѓанин*“ (Ѓорѓиев 2020: 241). Притоа, се нагласува: „Сегашното внатрешно устројство на Организацијата, со еден збор, е еден вид трасирање ... на *идното*

*парламентарно уредување на земјата*“ (Ѓорѓиев 2020: 242). За идното политичко уредување и за слободниот живот на граѓаните може да размислуваат и да се подготвуваат само оние што работат на создавање сопствена политичка творба, независно во каков облик, но не и оние што мислат да се присоединат кон некоја таква што постои. Со оглед на тоа што со поимањето на автономијата на Македонија и понатаму се манипулирало, особено од врховистичките средини, во истиот „Официјален додаток“ се вели; „Тие врховистите претставуваат полна негација на Внатрешната организација, меѓу неа и нив има длабока бездна. Пред сѐ, наспроти целта на Организацијата, *автономна Македонија, и нејзината девиза ‘Македонија на Македонците’*, тие се залагаат за некаква автономна Македонија со прикриена девиза ‘Македонија за Бугарија’. *Автономна Македонија од Организацијата се сфаќа како самостојна државичка*, која ќе влезе како одделен член во федерација на другите држави на Полуостровот, а врховистите ја сфаќаат како преодна форма кон ‘Санстефанска Бугарија’“ (Ѓорѓиев 2020: 243–244).

Поради шпекулациите во контекст на поврзувањето на автономијата на Македонија со кнежеството Бугарија, Д. Груев во јануари 1905 година ќе истакне: „Внатрешната македонска организација дејствува наполно самостојно и, поставувајќи си ја девизата *‘Македонија за Македонците’*, не само што не зависи од бугарската влада, туку речиси кон неа се однесува непријателски, не сакајќи *за ништо судбината на Македонија да им ја потчини на интересите на Кнежеството*“ и дека главната задача е „да биде *извојувана автономија на Македонија, а никако не, нејзино присоединување кон Бугарија*“ (Дракул 1998: 56–57).

Во истата 1905 година д-р Карло Блинд пишува: „Сандански се претставува како единствен претставник Македонец. Тој си поставил за цел *од Македонија да создаде независна држава*, која единствено би можела да влезе во составот на ‘Балканска федерација’...“ (Стојчев 1993: 19). Хари Де Винд, пишувајќи за околностите во македонското движење и суштинските противречности меѓу врховистичките активисти и внатрешните дејци, истакнува дека генерал Цончев ги застапувал ставовите на бугарска влада за бугарска автономија на Македонија и нејзино анектирање од страна на Бугарија (De Windt 1907: 208), а наспроти тоа бил Сандански, кој се декларирал како легален претставник на Македонците, при што неговата цел била „*независна држава*“, која би влегла во балканска федерација (De Windt 1907: 212). Александар Цанков (бугарски, публицист, општественик, подоцна премиер на Бугарија) во 1906 година пишува: „Внатрешните дејци инспирирани од вистинскиот дух на слободата на својата татковина сакат *независна или најмалку автономна*

*Македонија*“, и понатаму „...тие борци водат непрестајна крвава борба како со тиранинот Турчин, така и со сите дрзници што посегнуваат кон *нивниот идеал ‘Македонија на Македонците’* (Цанков 2008: 62).

Погледите и сфаќањата на Организацијата и на нејзините дејци околу поимањето на автономијата визави другите надворешни фактори биле антиципирани од повеќе странски посетители, кои по разни основи биле заинтересирани за регионот и за македонското прашање. Така, на пример, Фредерик Мур во 1905 година пишува дека, додека генерал Цончев пропагирал анексија на Македонија од страна на Бугарија, наспроти тоа стоеле внатрешните дејци, кои сметале дека *Македонија како држава* со својата географска положба може да послужи како јадро за конфедерација на Балканот, при што таквата конфедерација би била непробоен бедем против руската експанзија кон Средоземното Море. Според истиот автор, „*паролата на Македонците е Македонија за Македонците*“ (Villari 1905: 197–198). Англискиот филантроп Хенри Н. Брејлсфорд, кој веднаш по Илинденското востание се нашол на територијата на османлиска Македонија како предводник на хуманитарна мисија, во својата книга „Македонија. Нејзините народи и иднина“, објавена во Лондон во 1905 година, во врска со целите на македонското револуционерно движење пишува: „*Програмата не била присоединување на Македонија кон Бугарија*“, и понатаму: „Јас воопшто не се сомневам во искреноста (на водачите, б.н.) кога велат дека *целта им е да создадат слободна, неутрална држава под суверенитет на Султанот*“ во која сите народи ќе имаат еднакви права (Брејлсфорд 2003: 184). Овој автор констатира дека народот во чии бунтовни песни зборот Македонија „се јавува во секој рефрен, докажува дека *веќе има своја татковина*“ (Брејлсфорд 2003: 184).

Дека зад принципот за автономија на Македонија стои повисока цел, сведочат актите на фантомската Бугарска народна македоно-одринска револуционерна организација (БНМОРО), која во 1910 година се обидела да го пополни местото на веќе распуштената ВМОРО, притоа радикално отстапувајќи од нејзините принципи. Така, во повикот на оваа организација од 1/14 август 1910 година се вели дека основачите на ВМОРО направиле „една фатална грешка“, бидејќи Организацијата ја поставиле на „интернационална почва, при што си поставиле недостижна цел – *создавање независна македонска држава*, која ќе послужи како јадро на идната балканска федерација. Иако *оваа интимна мисла не беше внесена во основите, таа беше водечка идеја во целиот петнаесетгодишен живот на Организацијата*“ (Ѓорѓиев 2013b: 257).

Тодор Поп Антов, кој на Рилскиот конгрес 1905 година бил избран за член на ЦК на ВМОРО, во своите спомени пишува: „Целта на Револуционерната

организација беше отцепување на Македонија во нејзините географски граници и нејзино издигнување во *автономна држава*“ (Поп Антов 2002: 151–152). Никола Зографов, пунктов началник на Организацијата во Ќустендил и близок соработник на Г. Делчев, во 1927 година пишува: „Таа организација уште од почетокот на нејзиното основање беше наречена сепаратистичка. Куп навреди се сипаа врз неа, меѓутоа нејзините раководители беа со цврсто убедување, дека с*амо автономна, слободна држава Македонија* ќе го задоволи нејзиното население, ќе го ослободи од турската држава и ќе го постави во најповолни услови за развој со соседните држави: Србија, Грција и Бугарија“ (Зографовъ 1927: 44). Слично на тоа К. Алемендингер вели дека целта на Организацијата е „*полна независност на Македонија*“ (Две статии 1927: 23). Алфред Рапопорт, австроунгарскиот генерален конзул во Македонија (1904–1909) во книгата „Земјата на мачениците“ пишува дека „побудата на оние што во 1893 година ја создадоа Македонската организација“ во најмала мера била „претходно да си ги присвојат власта и правата во *македонската држава, која имаат намера да ја создадат потоа*“ (Rappoport 1927: 61).

Според изнесеново, декларираниот принцип за автономија на Македонија, односно полна политичка автономија, се сфаќал како *етапа кон создавање автономна, слободна, независна, македонска држава и/или како самостоен државотворен и рамноправен субјект во една поширока балканска федерација или конфедерација*. Погледнато низ овој дискурс, таквото поимање на политичката автономија не може да се констатира за Одринско, кое претставува дел од организациската територија.

Поради своите определби, протагонистите на Организацијата од проегзархиските средини, а потоа и од другите што решавањето на македонското прашање го гледале низ бугарска национална призма, биле етикетирани како „*сепаратисти*“, кои шират „*македонштина*“.[6] Всушност, термините „македонизам“, „македонисти“, „сепаратизам“ и „сепаратисти“ не се нови. Оваа терминологија е креирана од бугарските национални дејци кон крајот на шеесеттите години на XIX век за етикетирање на македонските дејци што се залагале за македонска самобитност (културна и политичка) и тој континуирано се користи.[7] И, доколку термините македонизам, македонисти и македонштина ја имаат својата смисла, тогаш терминот сепаратизам е несоодветен, особено не за една револуционерна организација, која во случајот може да биде

[6] Во тој контекст, Иван Гарванов во својство на претседател на Бугарското тајно революционерно братство пишува: „Сепаратизмот, македонштината на интелигенцијата, интригантството и личните интереси и грижи, прикриени под булото на највисокиот идеал на македонскиот Бугарин, го надминаа ‘врвот над врвовите’“. (Ѓорѓиев 2013а: 169).

сепаратистичка само во однос на Османлиската Империја, но никако и кон Бугарија. Како и да е, водачите на Организацијата го прифатиле терминот сепаратизам како свое обележје за да ја подвлечат својата автохтоност, но и различност во погледите за македонското прашање, и тоа не само со бугарските туку и со погледите на другите соседи. Во таа смисла, Даме Груев во февруари 1894 година пишува: „Пред сè, сепаратистичкиот стремеж не треба да го сметаме за утопија... Тој го наоѓа излезот само во заземањето на *едно друго поведение од страна на Македонците спрема соседите*“ (Ѓорѓиев 2013а: 47).

Ако термините сепаратизам и сепаратисти го практикувале современиците за означување на активисти и активности во врска со самобитноста на Македонија (политичка или национална), користењето на споменативе термини во историографијата надвор од својот контекстот е неоправдано не само методолошки туку и од суштински аспект.

Првичниот термин „сепаратизам“, кој подразбира разни културно-просветни и политички дејства во контекст на самобитноста на Македонија, во 1902 година една самопрогласена „политичка доктрина“ во весникот „Право“ на опозицискиот ВМОК на Х. Станишев се обидува да го детерминира на ниво на „политички сепаратизам“ (Право бр.16 7.06.1902: 1–2). Во предметната статијата се вели дека сепаратизмот преставува стремеж за одделување на еден дел од некое цело, при што делот е Македонија, а целото може да биде идејата и за Велика Бугарија, и за Велика Србија и за Велика Грција, но според натамошниот текст тоа се сведува на Санстефанска Бугарија. Авторот, оградувајќи се од секакви приговори „за некаков национален сепаратизам“, заземајќи став дека поголемиот дел од македонското население „било, е и ќе биде бугарско“, експлоатацијата на идејата за автономија на Македонија во Кнежеството Бугарија и фактот дека Македонија е јаболко на раздорот меѓу соседните балкански земји, во „доктрината“ како контратеза на Санстефанска Бугарија претпочита Македонија да се оформи како „една автономна област“ во рамките на балканска федерација. Така, преку доктрината на политички сепаратизам „бугарското племе ќе се зачува цело, неподелено и сврзано со својата духовна култура, макар и политички поделено“.

[7] Така, на пример, во весникот Југозападна Бугарија, дваесеттина дена пред формирањето на МРО пишува: „Најпосле, од некои весници се подигна прашањето за суштествување на некакво делење или, како што го нарекуваат сите – сепаратизам, кој се состои во стремежот на македонските Бугари да препорачуваат и *да ги сметаат Македонците за такво население, кое не е ниту бугарско, ниту грчко, ниту српско, туку – македонско...* Не смееме, а да не знаеме дека секаков сепаратизам е убиствен за нашите општи бугарски интереси. Погоре кажавме дека делењето се состоело од стремежот да се смета населението во Македонија за македонско, а не за бугарско, грчко или српско. Поголем апсурд од тоа не може да има..., но ние кога говориме за сепаратизам, треба да признаеме дека во Македонија и меѓу Бугарите таму, се проповеда... таков сепаратизам“ (Югозападна България, г. I, 2 октомврий 1893, бр. 4: 1).

Предметнава „доктрина" е без основа, зашто, ако целта на Организацијата е „политичкиот сепаратизам", тогаш тоа е во однос на Османлиската Империја, а не кон претпоставена „Велика Бугарија". Весникот во кој е пласирана оваа „доктрина" е орган на ВМОК на Х. Станишев, кој е опозициски настроен кон ВМОК на Михајловски-Цончев. Со оглед на тоа што двата комитети официјално се декларираат за автономија на Македонија, „доктрината" за „политичкиот сепаратизам", всушност, треба да се восприми како став на комитетот на Станишев наспроти Михајловски-Цончев, кој, пак, како што видовме, е за анексија на Македонија од Бугарија. Од друга страна, факт е дека преку „Право" се застапувани и ставовите на ТМОРО, меѓутоа, во таквите текстови секогаш изречно се зборува од името на Внатрешната организација, но во случајов таа воопшто не се споменува. Покрај тоа, во „доктрината" се зборува за Македонија како „автономна област" во рамките на една балканска федерација, што е различно од поимањето на автономијата на Македонија како автономна, самостојна, независна држава, која би можела да влезе во поширока балканска федерација како државотворен и рамноправен субјект. Едно е да се биде автономна област во некоја федерација, а сосема друго да се биде рамноправен државотворен субјект во неа. Оттука, споменатата „политичка доктрина", всушност, е став на ВМОК на Х. Станишев или, подобро кажано, на уредникот на „Право" – Тома Карајовов.[8] Поширокиот осврт врз оваа „политичка доктрина" беше нужен од причини што во наши дни врз основа на оваа „доктрина" се протежира истата теза, но под нова терминологија, што ќе рече – стара песна на нов глас. Овојпат таа е препакувана под синтагмата „политички македонизам" (Дечев 2019). Според авторот, „суштината на политичкиот македонизам" лежи во статијата „Политички сепаратизам". Меѓутоа, авторот прави едно некоректно подметнување, претставувајќи го „Право" како весник на „внатрешните дејци", а ставовите во статијата – како ставови на Организацијата / на ТМОРО. Неговата поентата е во тоа што „политички македонизам", всушност, „не го негира бугарскиот национален идентитет" и „поттикнува наднационална политичка лојалност и кауза". Нешто слично како „политички сепаратизам", ама поинаку спакувано.

Овде е интересно да одбележиме една реакција од онаа време поради премолчувањето на одредени сегменти на „сепаратизмот". По излегувањето од печат на биографијата на Гоце Делчев, редакцијата на списанието „Македонија", осврнувајќи се кон книшката, му забележува на авторот П. Јаворов дека тој премолчал одредени сегменти од сепаратизмот, поради што во критиката се вели дека е Јаворов добар поет, но слаб историчар, зашто не

[8] Слични ставови Карајовов застапува и во 1903 година. Види: Карайововъ 1903.

ја познавал психологијата на сепаратистите. Според редакцијата на „Македонија", сепаратистите „не се залагаат за политички, туку за *национален сепаратизам*" (Македония кн.1 1904: 24). Притоа, посочуваат на примерот кога владиката Теодосиј Гологанов издавал крштелни свидетелства во кои биле испуштени зборовите бугарска егзархија.

Без оглед на тоа што методолошки несоодветните термини сепаратисти и сепаратизам, па дури и во редуцирана форма како „политики сепаратизам", во бугарските средини се користи за етикетирање на приврзаниците на македонското революционерно движење, луѓе надвор од овие средини во т.н. „сепаратисти" гледаат нешто друго. Така на пример, Амфитеатров во 1901 во нив гледа „*Македонци – националисти*" (Амфитеатров 1990: 69). Х. Н. Брејлсфорд препознава „*македонски патриоти*", кои шират „*локален македонски патриотизам*", па дури забележал и „*страстен македонски националист*" (Брејлсфорд 2003: 70, 166, 183–184). Според Џулијан Алан Брукс, македонските интелектуалци што почнале самостојно да работат за автономна Македонија, всушност, се „*татковци на македонскиот национализам*" (Brooks 2005: 129). Оттука, според Ендрју Росос, сепаратизмот, всушност, претставува „*автентичен македонски патриотизам, навистина, политички национализам*" (Rossos 2008: 93).

Македонското революционерно движење под водство на МРО/ТМОРО/ВМОРО, од аспект на националното прашање треба да се разгледува и да се толкува во контекст на времето, во рамките на османлискиот милет-систем и црковно-просветните пропаганди, во спротивно, тоа би било еднострано и тенденциозно. Ова сложено прашање изискува сериозен мултидисциплинарен пристап, поради што овде ќе бидат засегнати само фрагменти.

Османлискиот систем не познава категорија националност, туку само верска припадност. Според милет-системот, населението во Османлиската Империја се делело на муслимани и немуслимани. Самоидентификацијата што произлегувала од овој систем била заснована исклучиво врз верската припадност наспроти другиот. Таквото самоидентификување во некои краишта на Македонија што не биле зафатени од пропагандните било присутно до крајот на османлискиот период, при што луѓето се изјаснувале само како христијани (Брејлсфорд 2003: 159–160; Амфитеатров 1990: 44). Со текот на времето и под влијание на европските национални идеи, традиционалниот милет-систем навидум се вестернизира, но, всушност, под влијание на балканските национализми – тој се балканизира.

Во почетокот православните христијани на Балканот биле под јурисдикција на Вселенската патријаршија и биле сметани за „Рум-милет", без оглед на

јазичната и етничката припадност. Бидејќи оваа црква била под грчко културно влијание, по појавата на грчкиот национализам терминот „Рум-милет“ бил изедначен со „Грк“, без оглед на јазичната и етничката припадност. Реално, тоа е синоним за означување на црковната припадност. По појавата на Бугарската егзархија (1870) населението што поминало под нејзина јурисдикција било третирано како „Булгар-милет“. Како и во претходниот случај, овој термин под влијание на бугарскиот национализам бил изедначен со терминот „Бугарин“, што во случајот не претставува етноним, туку синоним. Двете православни цркви започнале жестока борба за доминација во османлиска Македонија, особено врз словенојазичното православно население. Притоа, секоја настојувала во своите училишта да привлече повеќе деца, зашто оттука моделирале извесна „национална“ свест и политичка лојалност кон соодветните држави. Во пропагандната војна во Македонија се вклучила и Србија, која преку концесии од Вселенската патријаршија и под нејзино покровителство почнала да отвора српски училишта, да именува Срби за свештеници, па и владици. На пропагандното поле за своја „народност“ во Македонија заиграла и Романија, која, сметајќи на Власите, целела на територијална компензација од Бугарија во Добруџа.

Преку овие легални црковно-просветни институции во Македонија, се ширела присутноста и употребата на имињата: Бугарин, Србин, Грк и (А)Романец. Меѓутоа, тоа не значи дека луѓето што пристапиле кон некоја од црковно-просветните заедници прифатиле некаква трајна „национална“ определба. Честопати христијаните во Македонија од разни побуди преминувале од една во друга „националност“,[9] нешто што ние го нарекуваме национална флуктуација. Оваа појава понекогаш била толку нелогична, што во едно семејство можело да се сретнат тројца браќа од три „националности“ (Ѓорѓиев 2014b: 25). Транзицијата низ „националното“ во османлиска Македонија претставува вистинска апсурдност. Така, една слугинка за само една седмица трипати ја сменила својата „националност“ (Saatçi 2002: 111), друг побарал да биде запишан како „Американец“ (Moore 1906: 147), а, пак, жители на едно село („Срби“ и „Бугари“), во еден момент побарале да бидат запишани како „Турци“ (Германски документи 2005: 316). Несомнено таквата флуктуација го поттикнала францускиот конзул во Битола да се пошегува дека со милион

[9] Амфитеатров во врска со тоа пишува: „Во селата и градовите околу Салоники вие ќе сретнете мноштво Бугари, бивши Грци, кога било угодно да се биде Грк и готови да станат Срби, ако скоро стане угодно да се претворат во Срби“ (Амфитеатров 1990: 70). Рускиот конзул во Битола – Ростковски, пишува дека населението во Македонија „заради материјални придобивки, е спремно безмалку катаден да си ја менува својата националност“ (Дракул 1995: 149). Брејлсфорд наведува конкретен пример од кои побуди и со каква леснотија луѓето преминувале од една во друга заедница (Брејлсфорд 2003: 162–163).

франци ќе ја направи француска цела Македонија (Брејлсфорд 2003: 63), а, пак, еден руски дипломат изјавил дека, ако во Македонија се појави „кинеска мисија", таа по себе може да поведе илјадници деца (Амфитеатров 1990, 46), што значи илјадници „Кинези".

Ако имплантираните имиња (Бугарин, Србин, Грк, Романец), кои претставуваат политички етикети,[10] преку легалните црковно-просветни институции овозможувале извесна олеснувања и заштита, тогаш името Македонец, кое циркулирало како идентитетски маркер, не само што немало институционална подлога и поткрепа туку не носело ниту привилегии, ниту заштита, туку само препреки и неволји. Згора на тоа, во 1903 година имињата Македонија и Македонец официјално биле забранети, при што цензурата не го поштедила ниту Светото писмо – Библијата (Ѓорѓиев 2017: 39–56). Без да навлегуваме во содржината на терминот Македонец, дали се користи во етничка, национална, наднационална, политичка, регионална или историско-географска смисла (а, се практикува во сите варијанти) и кој како го восприемал, факт е дека е тоа автохтона самоидентификација и самоопределување, кое егзистирало покрај другите маркери.

Кога се во прашање идентитетските маркери во македонското револуционерно движење, ќе истакнеме дека тие се во духот на времето и просторот, при што доминантно се присутни термините: Македонец/Македонци, како и Бугарин/Бугари, меѓутоа каузата е македонска, татковина и мајката е Македонија, а девизата – „Македонија на Македонците". Настојувањата во наше време за изедначувања на термините Македонец и Бугарин како едно исто или – првиот маркер да се толкува како регионален идентитет, а вториот да се издига како етничка или национална определба, не се докрај издржани. Сигурно така не мислел Борис Сарафов во јули 1902 година, кога пред редакторот на „Глас Српства" – Јово Ковачевиќ, изјавил: „*Ние Македонците сме само Македонци, не сме ни Срби ни Бугари ... нека знаат и Србите и Бугарите дека Македонија е само на Македонците*". На забелешката од Ковачевиќ дека не постои македонска нација, Сарафов одговорил: „*Но постои македонски јазик што не е ни српски, ни бугарски*. Нам на Македонците, ни е потребно најпрво да се ослободиме, па после ќе видиме дали и кому му припаѓаме" (Ристовски 2017: 208). Изгледа со толкувањата дека Македонец и Бугарин е

[10] Рускиот дипломатски претставник М. Петрјаев пишува дека во Македонија, ако се изземат придојдените Турци, Евреи и Цигани, кои ја зачувале својата индивидуалност, другото население, самото по себе, претставува целосно посебен смешан „македонски" тип, кој не може да се подведе под ниту една од познатите етнографски групи и сите именувања што му се даваат: Бугари, Грци, Срби, Романци (Куцо-Власи), „единствено се јавуваат како политички етикети што нему му ги натрапуваат соседните со Македонија, балкански држави, вака или инаку заинтересирани за нејзината судбина" (Дракул 1995: 32.).

едно исто, односно дека првиот е географски, а вториот етнички маркер, не би се согласил ниту Александар Цанков, кој во 1906 година пишува дека Бугарите *се многу блиски* со Македонците; дека бугарскиот народ *е сроден* со македонскиот народ; дека единствен грев на внатрешните македонски дејци за „завојувачката политика“ на генерал Цончев било што тие „остваруваат *поинакви национални идеали*“ (Цанков 2008: 45, 61, 98). Изгледа и кнезот Фердинанд во меморандумот до рускиот император од јуни 1903 година ја премолчал политичката желба и ја изнел реалноста, кога зборува исклучиво за „*славјанско население*“ во Македонија и дека „*македонскиот народ... никако не се води од панбугарските идеи*“ (Китанов 2004: 33).

Бидејќи творците на МРО, во основа, биле егзархиски воспитаници, а поголемиот дел од нив работеле во егзархиските просветни институции, сосема природно своите први активности ги насочиле кон „својата“ заедница. Според сведоштвата на повеќето современици, прва целна група бил „бугарскиот елемент“. Меѓутоа, при врбувањето на членството, за погодни ги сметале само оние што биле критички настроени кон егзархиската црковно-просветна политика во Македонија (Мърки за засилване 1936: 6). Според првиот (спорен) устав од 1894 година, член на Организацијата можел да биде секој „Бугарин“ (Ѓорѓиев 2013а: 56). Според османлискиот милет-систем, тоа подразбира припадник кон егзархиската заедница. Меѓутоа, Организацијата, иако своето членство првенствено го мобилизира од егзархиската заедница, не само што не била лојална кон Егзархијата како институција туку истапува и како нејзина опозиција, истовремено третирајќи ја за орудие на бугарската пропаганда, која има цел во Македонија да создава Бугари (Вардарски 2006).

Според уставот на ТМОРО што е изработен по Солунскиот конгрес (1896), член на Организацијата може да биде секој „Македонец“ и „Одринец“ (чл. 4). Истовремено, Организацијата изјавува дека ќе се бори „за премавнување на шовинистичките пропаганди и националните караници кои го цепат и обессилуваат македонското и одринското население во неговата борба против заедничкиот непријател“ (чл.2), и дека има за цел „да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност“ (чл. 1) (Ѓорѓиев 2013а: 106). Определбата за борба против шовинистичките пропаганди и националните караници и заложбата за сплотување на сите незадоволни елементи, сугерира тенденција за обединување на македонското население околу идејата за автономија на Македонија под девизата „Македонија на Македонците“. Според Христо Константинов, основачите на Организација, земајќи ги предвид пропагандите и нивните последици, ја прифатиле девизата: „*Македонци, сплотете се во*

*името на Македонија како Македонци*!“ (Константинов 1939: 23). Со овој граѓански концепт за сплотување на сите незадоволни под името Македонец околу идејата за автономија на Македонија, Организацијата се издигнала над милет-системот, истовремено објавувајќи војна на сите пропаганди. Таквиот курс кон пропагандите е задржан и во Уставот на ВМОРО (1905). Под влијание на интернационализмот, според овој устав е предвидено дека член на Организацијата може да биде „секој што живее во Европска Турција, без разлика на пол, вера, народност и убедување“ (чл. 5). Новина претставува определбата за спротивставување на сите стремежи за поделба и завладување на Македонија и Одринско од која било држава (чл.2) (Ѓорѓиев 2020: 290). Со ова Организацијата демонстрира суверенитет над својата територија, со што индиректно се јавува и како заштитник на суверенитетот на Османлиската Империја.

Според изворите, се добива впечаток дека Организацијата е воздржана во контекст на „националното“ прашање, односно е за зачувување на постојното status quo меѓу постојните конфесионални заедници, меѓутоа погледнато низ дискурсот за борба против шовинистичките пропаганди и елиминирање на националните караници, со заложба за сплотување на сите незадоволни под едно име и во името на една кауза, во најмала мера се работи за македонски протонационализам.

Од друга страна изворите, бележат активности и манифестации што се во доменот на македонската национална идеологија. Така, во 1899 година, за време на одбележувањето на празникот „Св. Кирил и Методиј“ во Битолската егзархиска гимназија, активистите на ТМОРО ја искористиле свеченоста за своја политичка манифестација. Имено, по беседите на владиката Григориј и на директорот, на говорницата неочекувано се појавил учителот по историја Иван Цоков (член на ТМОРО), кој, критикувајќи ги претходните говорници, предложил „црковните книги да се преведат од црковнословенски на месен дијалект“ (Матов 2006: 182),[11] и воведување на македонскиот народен говор во училиштата (Димески 1982: 290). Епилогот од тој настан е итно отпуштање на Цоков, а потоа ученички бунт, затворање на пансионот и гимназијата, суспендирање на целиот наставнички персонал и исклучување засекогаш од сите бугарски училишта на 18 ученици (Ѓорѓиев 2010: 223). За затворањето на гимназијата провладиниот печат во Бугарија ја обвинил „локалната македонска интелигенција“, која поради својот „сепаратизам“, пројавила претензии од сите егзархиски училишта да се отстранат Бугарите од Кнежеството и „да се заменат со Македонци“ (Претендентитѣ 1900: 18).

[11] Спореди со Дракул 1995: 267–268.

Во 1902 година, кога именувањето на Србинот Фирмилијан за владика во Скопје под покровителство на Вселенската патријаршија веќе било свршен чин, во средини на Организацијата почнало да се зборува за унија со Римокатоличката црква, за одвојување на Егзархијата од Кнежеството и нејзино прогласување за покровител на „Славјаните“ во Турција, под изговор дека се обнова на Охридската патријаршија, и за составување на синод од македонски владици со седиште во Истанбул (Спространов 1994: 153–154). Доколку егзархот ја одбиел оваа идеја, тогаш требало да се дејствува меѓу владиците да се откажат од Егзархијата и да состават одделен синод и да основат самостојна црква. Во краен случај, останувало да се дејствува меѓу народот и белото духовенство (Спространов 1994: 155). Со овие планови Спространов го запознал Кл. Калајџиев од Охрид, кој, пак, требало да ги анимира митрополитите Григориј во Битола и Методија во Охрид и тамошниот раководител на ТМОРО – Антон Кецкаров (Спространов 1994: 154).

Во истиот период Организацијата искажува загриженост за „македонскиот народ“ од разорните дејства на надворешните влијанија. Во таа смисла е и изјавата: „Внатрешната револуционерна организација не може и не треба да се солидаризира со погледите на патриоти надвор од сферата на Македонија, зашто таа *не може и не треба да го смета македонскиот народ за кал*, од кој може да се прави денес едно, утре друго, без да се плаши дека ќе се претвори во пепел и прав“ (Право II/36(44): 2).

Во ноември 1903 година Крсте П. Мисирков, во очекување да излезе од печат книгата „За македонцките работи“, преку Стефан Ј. Дедов воспоставил контакт со Е. Спространов. Притоа, го запознал со своите идеи за печатење книги на македонски јазик, со потребата од македонска граматика, историска христоматија и сл. Истовремено, го поставил прашањето за трансформирање на Организацијата од „револуционерна во еволуциска“, во смисла на пропагирање „национален сепаратизам“ (Спространов 1994: 333–334). Според Спространов, оваа идеја имала изгледи за успех, зашто „македонската интелигенција лесно ќе ги прифати тие проповеди, дотолку повеќе што таа сега е многу навредена од подлоста, но и од измамата на Бугарија“ (Спространов 1994: 333). Сепак, Спространов, кој повеќе се интересирал за материјалната страна на проектот, немал храброст отворено да застане зад него. Засега е известно дека од Организацијата зад националниот концепт на Мисирков застанале Димитар Мирасчиев и војводата Јордан Ангелов. Последниот во врска со тоа си споменува: „Димитар Мирасчиев беше се зближил со Мисирков и беа се согласиле кон политичкиот автономен принцип за слободата на Македонија да се додаде и националната и јазичната автономија, почнувајќи

да се издаваат книги и весници на чист македонски јазик. Кон оваа идеја се присоединив и јас со длабоко убедување дека таму е расковничето за слободата на Македонија... Но не помина еден – два дена книгата уште во печат, во една прекрасна зимна ноќ, јас и Мирасчиев по бели гаќи се најдовме во софиската полициска станица, а кутриот Мисирков беше летнал по неволја преку граница...“ (Ристовски 1978: 262–263).

Д-р Карло Блинт во лондонскиот „Pall Mall Gazette“ од 5 јули 1905 година, меѓу другото, пишува „Учените од комитетот на Сандански создаваат *граматика на македонски јазик* како јазик на целата област. Дијалектот на Битолскиот вилает се зел за основа на тој нов македонски ‘experanto’. Новиот *македонски јазик* требало да ги истисне српскиот и бугарскиот јазик од Македонија, бидејќи тој бил различен од јазикот кој се зборувал во Бугарија и Србија“ (Стојчев 1993: 19). Три дена подоцна атинскиот весник „Σκριπ“ пишува: „Пред неколку месеци во Битола била формирана една комисија од страна на Македонската организација со задача да создаде *македонска граматика*. Комисијата се состои од седум професори по лингвистика. За основа на оваа граматика ќе се земе дијалектот што се зборува во Битолскиот вилает. Овој дијалект веќе *е прогласен од комисијата за македонски јазик*. Учителите во словенските училишта во Македонија добија наредба да го предаваат овој јазик наместо српскиот или бугарскиот и преку него да се воспостави основата за создавање на независна Македонија“ (Јовановски 2016: 155). Х. Н. Брејлсфорд, кој е поприлично упатен во македонските работи и состојби, во врска со тоа пишува: „Комитетот или неговите делови дури ја разгледувале (1905) политиката за наметнување на *македонскиот словенски дијалект* наместо литературниот бугарски како јазик во сите егзархиски училишта во Македонија. Се говори дека е напечатена граматика за таа цел“ (Brailsford 1905: 124).

Споменативе информации се предизвикани од мисијата на Димитрија Чуповски во 1905 година за отворање училишта на македонски јазик.[12] Неспорен факт е дека Димитар Мирасчиев, инаку близок со Сандански и Петар Поп Арсов, уште во ноември 1903 година ги прифатил идеите на Мисирков, но факт е и дека Чуповски за време на мисијата во Македонија извесно време престојувал во Солун. Засега немаме информации со кои луѓе од Организацијата се среќавал, меѓутоа една од одлуките на Вториот окружен солунски конгрес коинцидира со ставовите и идеологијата на Македонското научно-литературно другарство. Така, во протоколот од споменатиот конгрес, кој се одржал 10–12 август 1905 година се вели: „*Организацијата треба да*

[12] Повеќе за овој обид на МНЛД преку Чуповски, види: Ристовски 1978: 311–323.

*работи за национално осознавање на Македонецот*. По неопходност, таа цел, Организацијата треба да ја преследува само со *легални средства* и по посреден пат, да внимава на сите пропаганди, *да ги осознава заблудените*, понекогаш може да прибегнува и кон морален терор, но никогаш со насилства и убиства" (Ѓорѓиев 2020: 283–284). Искажувањето дека за националното осознавање на Македонецот треба да се работи само преку легални средства, коинцидира со предлогот на Мисирков за трансформација на Организацијата од „револуционерна во еволуциска", во смисла на македонскиот национален „сепаратизам".

За Македонците како посебен народ, различен од соседите, пишува војводата Блаже Крстев Биринчето во писмо од ноември 1906 година до српскиот војвода Душан во с. Бистрица. Биринчето меѓу другото истакнува: „Македонски борачи бевне и до крај се бориме *за македонскиот народ*, а не се бориме за Бугарија или за Србија и Грција... Ние што сме од македонската земја, треба за Македонија да работиме оти македонските браќа и македонските сестри сет обесчестени.... Штом сме македонски војводи, *за македонски народ* треба да работиме...." (Документи 1981: 490). Х. Силјанов кога зборува за советувањето во Софија (1907) за Сандански, пишува: „Јане разви теза дека е погубно за македонското население и за самата Бугарија, македонското прашање да се третира во смисла на национално обединување со Бугарите... Тој објаснуваше дека треба да се работи за прободување на сознанието кај масите, дека *тие се самостоен народ*, дека имаат право на самостоен живот и треба да се борат за извојување на својата слобода, без да се потпираат на туѓа помош, зашто тие што би дошле да ги ослободуваат, всушност, ќе дојдат да ги поробат" (Силяновъ 1943: 498).

Според изнесеново, МРО/ТМОРО/ВМОРО како автохтон предводник на македонското револуционерно движење со идејата за автономија на Македонија, која се сфаќала како преодна етапа кон создавање независна и самостојна македонска држава и/или како рамноправен државотворен политички субјект во една поширока балканска федерација, со определбата за борба против шовинистички пропаганди и сплотување на сите незадоволни под девизата „Македонија на Македонците", не само што е промотор на македонскиот патриотизам туку е и катализатор на македонскиот национализам.

Кон што водела борбата за автономија и обединување на сите незадоволни во името на една македонска кауза најдобро сведочат зборовите на бугарскиот министер за образование Иван Шишманов искажани во 1903 година пред францускиот публицист Гастон Рутие: „По десет години, *ако Македонија*

*стане автономна, таму нема да постојат, ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, ќе постојат само Македонци*. Тие ќе имаат многу политички заеднички интереси, особено економски, што треба да ги создадат со својата неуморна работа, ако сакаат да бидат независни од државите што се понапредни од нив и чие производство би го уништило нивното. Како земјоделци, не ќе им биде воопшто од интерес да се спојат со земјоделските земји какви што се Србија и Бугарија; како индустријалци, ќе сакаат да ја штитат својата индустрија која ќе биде против нашата; најпосле, тие ќе сакаат да ги задржат за себе местата на функционери во новата администрација и на офицери во нивната војска. *Значи, Македонија ќе биде независна и Македонците ќе останат Македонци*. Ако Европа го мисли спротивното, таа греши; *ако Бугарија смета на бугаризација на Македонија, тоа се илузии*“ (Македонија во делата 2007: 169–170).

## БИБЛИОГРАФИЈА

Амфитеатров А. В. 1990. *Земја на раздорот*. Избор, превод и редакција Цветан Станоевски. Скопје: Македонска книга.

Бѣлевъ Ив. Г. 1933. На гости у Сандански. *Ил. Илинденъ* V/6 (46), 4-6.

Brailsford, H. N. 1905. *Macedonia. Its races, and their future*. London: Methuen & Co.

Брејлсфорд Н. Х. 2003. *Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина*. Второ издание. Скопје: Култура.

Brooks J. A. 2005. *Shoot the teacher! Education and roots of the Macedonian struggle*. Simon Fraser University.

Дечев С. 2019. Политическият македонизъм и българската политика към Македония. Култура – Портал за култура, изкуство и общество. Available in Bulgarian at:https://kultura.bg/web/%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%B5%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%8F%D1%82-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD% D0%B8%D0%B7%D1%8A%D0%BC-%D0%B8-%D0%B1%D1%8A%D0%BB%D0%B3%D0%B0%D1%80%D1%81/

*Дѣло*, Независим Македоно-Одрински листъ, I/10-11, I/12. София: 1902.

De Windt, H. 1907. *Through savage Europe*. London: T. Fisher Unwin.

Димески Д. 1982. *Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает 1893-1903*, второ издание. Скопје: НИО „Студентски Збор“.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први. Од населувањето на Словените во Македонија до Првата светска војна, 1981. Ур. Х.А. Пољански. Скопје: Македонска книга, Култура, Мисла, Наша книга.

Дракул С. 1995. *Македонија меѓу автономијата и дележот*, том први. Куманово: Просвета.

Дракул С. 1998. *Македонија меѓу автономијата и дележот*, четврти том, Куманово, Просвета.

*Две статии по македонския въпросъ: I. Србия и Македонцитѣ (отъ сѫръ Едуардъ Бойлъ, претседател на балканския комитетъ въ Лондонъ); II. Македонскиятъ въпросъ (отъ К. Алемдингеръ, сътрудникъ на военото списание Wissen und wehr – Berlin)*, 1927. София: Печатница П. Глушковъ.

*Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ. По спомени на Яне Сандански, Черньо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасов Гърчето, Петъръ Юруковъ и Никола Пушкаровъ*, съобщава: Л. Милетичъ, 1927. София: Македонски наученъ институтъ.

Единъ Македонецъ. 1902. *Българската пропаганда въ Македония и Одринско*. София: п-ца Ив. К. Цуцевъ;

*Германски документи за политиката на Германија и Европските сили во Македонија (1904-1910)*. Избор, предговор и редакција м-р Ѓорѓи Стојчевски. Превод: Петар Стојчевски и м-р Ѓорѓи Стојчевски, 2005, Скопје: ДАРМ.

Ѓорѓиев, В. 2003. *Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година*. Скопје: Табернакул - Филозофски факултет.

Ѓорѓиев, В. 2010. *Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење*. Второ издание. Скопје: Тримакс – Филозофски факултет.

Ѓорѓиев, В. 2013a. *ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи*. Скопје: Матица македонска.

Ѓорѓиев, В. 2013b. *Апостол Петков. Кралот на блатото.* Скопје, Државен архив на Република Македонија – Македонска литера.

Ѓорѓиев, В. 2014a. Борбата за автономија на Македонија и создавање македонска држава (1893-1912). In: Popovski, V. et al, eds. *Создавање на современата македонска држава*. Скопје: Македонска реч – Македоника литера, 43- 78.

Ѓорѓиев, В. 2014b. *Анастас Лозанчев*. Скопје: Филозофски факултет.

Ѓорѓиев, В. 2016. Афирмација на македонската борба за автономија на Македонија пред мирцштегските мандатари. In: С. Куюмджиева et. al, eds. *Освободителните борби на Македония от Източната криза до Балканските войни*. София: БАН-МАНУ, 142-153.

Ѓорѓиев, В. 2017. Забранетото име. In: В. Ѓорѓиев, ed. *70 години институт за историја – 70 години македонска историографија, Зборник на трудови од меѓународната конференција одржаа на 13 и 14 декември 2016 година во Скопје*. Скопје: Филозофски факултет, 39-56.

Ѓорѓиев, В. 2020. *ВМРО 1904-1908, Поглед низ документи*. Скопје: Тримакс – Филозофски факултет.

Григоров, Д. (Г. Бакалов). 1900. *Претендентитѣ за Македония*. Варна: Издание на Стефанъ Георгиевъ & с-ие.

Јовановски, Д. 2016. Јане Сандански и автономијата на Македонија – грчки погледи од август 1908 година. In: С. Куюмджиева et. al, eds. *Освободителните борби на Македония от Източната криза до Балканските войни*. София: БАН-МАНУ, 154-164.

*Югозападна България*, I/4, 2 октомврий 1893.

Карайововъ, Т. 1903. *Македонскитѣ искания и дипломацията*. София: печатница Г.А. Ножаров.

Катарџиев, И. 1961. Некои прашања за уставите и правилниците на ВМРО до Илинденското востание, *ГИНИ*, 1/1, 149-164.

Катарџиев,, И. 1965. Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период, *Историја* I/1, 39-50.

Китанов, В. М. 2004. Принос към дипломатическата история на България. Григор начович и Българо-турското споразумение от 1904 г. София, ИК Синева,

*Княжество България и македонския въпрос. Протоколи от конгресите на Върховния Македоно-Одрински комитет 1895-1905*, съставител: Цочо Билярски, 2002. София: Иврай.

Константинов, Х. 1939. *Старика (Яне Сандански), личност и дѣло*. София: Печатница Довѣрие.

Le Queux W. 1907. *The Near East, The present situation in Montenegro, Bosnia, Servia, Bulgaria, Roumania, Turkey and Macedonia*. New York: Doubleday.

*Македония*. Мѣсечно илюстрирано списание, книга I, 1904, София.

*Македонија во делата на странските патописци, 1903*, ред. Александар Матковски, MMVII. Скопје: Ѓурѓа.

Матов, М. 2006, *Спомен за Даме Груев. Даме Груев – живот и дело*, сборник, I част, предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски. София: Анико, 182-184.

Мѣрки за засилване на революционната организация (Изъ запискитѣ на Ив. Х. Николовъ), *Ил. Илинденъ, г.* VIII, 2 (72), 6-7.

Миноски, М. 1994. Македонската државност во официјалните акти и погледите и ставовите на видни личности на ВМРО пред и непосредно по Илинденското востание. In: Ксенте Богоев et. al. eds. *Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание*. Скопје: МАНУ, 197-212.

Moore, F. 1906. *The Balkan trail*. London: Smith, Elder & Company.

Пандев, К. 1969, Устави и правилници на ВМОРО преди Илинденско-прображенското въстание, Исторически преглед, XXV/1, 68-80.

Пандев, К. 1979. *Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903*. София: Наука и изкуство.

Поп Антов, Т. 2002, *Спомени*. редакција и коментар Зоран Тодоровски, Скопје, Државен архив на Република Македонија.

*Право*, II/16, 7.06.1902; II/31(39), 22.09.1902; II/36(44), 1.11.1902.

Rappoport A. 1927. *Au pays des martyrs: notes et souvenirs d'un ancien consul général d'Autriche-Hongrie en Macédoine (1904-1908)*. Paris: Librairie universitaire.

Ристовски, Б. 1978. *Димитрија Чуповски (1878-1940)*, I. Скопје: Култура.

Ристовски, Б. 2017. *Историските основи на Македонската академија на науките и уметностите*. Скопје: МАНУ.

Rossos, A. 2008. *Macedonia and the Macedonians: A History*. Stanford: Hoover Institution Press.

Saatçi, M. B. 2002. *XXI. Yüzyil Sonunda Makedonya Sorunu ve Makedonya´da kurulan Örgütler*, Ankara: Türkler.

Силяновъ, Х. 1943. *Освободителнитѣ борби на Македония*, т.2. София: Издание на Илинденската Организация.

Спространов, Е. 1994. *Дневник, том 1 (1901-1907)*. София: Македонски научен институт.

Стојчев, В. 1993. Лондонскиот балкански комитет и МРО од 1903 до 1907 година. *ГИНИ* 37/1-2.

Татарчев, д-р Х. 1989. *Спомени, документи материали*, съставител: Цочо Билярски. София: Наука и изкуство.

Татарчев, д-р Х. 1995, *Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична или реална сщност*. Съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов. София: Македония Прес.

*Турски документи за Илинденското востание*, 1993. Избор, редакција и коментар д-р Александар Стојановски. Скопје: Архив на Македонија.

*Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилдиз"*, 1997. Превод, редакција и коментар м-р Драги Ѓоргиев и Лили Благадуша. Скопје: Архив на Македонија – Матица Македонска.

Цанков, А. 2008. *Македонското прашање и Балканскиот сојуз*. Скопје: Матица Македонска.

Вардарски (Петар Поп Арсов). 2006. *Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници*, превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев. Скопје: Табернакул.

Villari, L. ed. 1905. *The Balkan question. The Present condition of the Balkans and of European responsibilities*. New York: E. P. Dutton and Company.

Зографовъ, Н. 1927. *Строежа на живота*. София: Печатница: „Глушков".

**Vancho GJORGJIEV**
Institute of History, Faculty of Philosophy
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

## The Postulates of the Macedonian Revolutionary Movement (1893–1908)

By reviewing sources of different provenances, this paper examines the basic postulates of the Macedonian revolutionary movement between 1893–1908. This movement was led by the Macedonian Revolutionary Organization (MRO), which was named Secret Macedonian-Adrianople Revolutionary Organization (SMARO) in 1896, and Internal Macedonian-Adrianople Revolutionary Organization (IMARO) in 1905.

According to the basic program documents of the period in question, the Organization aimed to achieve "full political autonomy of Macedonia" within the Ottoman Empire. However, in the basic acts of the Organization, there is no interpretation of the notion of declared political autonomy. Hence, the Macedonian autonomy advocated by MRO is often interpreted by Bulgarian historiography as a transitional stage for the accession of Macedonia to Bulgaria, following the example of the unification of Eastern Rumelia with the Principality of Bulgaria. However, a comprehensive analysis of the sources shows that not only can any solid argument be found in favor of such interpretations but, on the contrary, that Macedonia's autonomy was understood by both the Organization and its protagonists in a broader context: as a transitional stage towards the creation of an autonomous, free, and independent Macedonian state and/or as an independent and equal entity within a wider Balkan Federation. Such an understanding of political autonomy cannot be concluded for the Adrianople region, which was only a part of the Organization's territory.

Due to this, the circles who saw the Macedonian issue as a Bulgarian national issue labeled the activists of the Organization as 'separatists'. The latter accepted this term with dignity, and as a marker which underlined their autochthony, but also their different views on the Macedonian issue. However, the terms 'separatists' and 'separatism' are essentially and methodologically incorrect,

having in mind that the 'separatism' and the activities of the Organization's 'separatists' were aimed at the Ottoman Empire, and by no means at Bulgaria.

In addition, the author points out that the Macedonian revolutionary movement in terms of the national issue should be considered and interpreted only in the context of its time, within the Ottoman millet system and the religious/educational propaganda of the neighboring states; any other approach would be one-sided and tendentious. It is a well-known fact that the Ottoman millet system did not use the category 'nationality' but it only recognized religious affiliation, which adds another dimension to the issue in question.

From the sources, one may get the impression that the Organization was reserved in the context of the 'national' issue, i.e. was all for the preservation of the existing status quo among the existing confessional communities. Yet, seen through their discourse of determination to fight chauvinist propaganda and eliminate national quarrels when committing to unite all the dissatisfied subjects under one name and one cause by the motto "Macedonia for the Macedonians", as well as through their discourse of determination to oppose all tendencies for dividing Ottoman Macedonia among the interested Balkan states, one may argue that this Organization, in fact, represented a form of Macedonian proto-nationalism, to say the least. Parenthetically, the sources record various activities and manifestations that stand firmly in the domain of the Macedonian national ideology. Hence, as an autochthonous leader of the Macedonian revolutionary movement, MRO / TMORO / VMORO is not only a promoter of Macedonian patriotism but also a catalyst of Macedonian nationalism. Therefore, the Macedonian revolutionary movement is deeply rooted in the Macedonian national and state-building ideology.

**KEYWORDS:** Macedonia, autonomy, independence, state, Macedonian Revolutionary Organization (MRO, SMARO, IMARO, IMRO), Balkan federation, Macedonian nationalism and patriotism.